Синиша ДАСКАЛОВСКИ

**УДК: 323.26(497.7)„2001“**

# КРИЗАТА ВО МАКЕДОНИЈА 2001: ВНАТРЕШЕН ВООРУЖЕН КОНФЛИКТ ИЛИ ВОЈНА?

**Кратка содржина**

*Феноменот на кризата во Република Македонија од 2001 година, отвори многу прашања, а на дел од нив, и денес, сè уште се бара одговор.*

*Во овој труд е направен обид да се даде, најнапред, прилог кон одговорот на круцијалното прашање, дали Република Македонија, во 2001 година,[1] беше соочена со внатрешен вооружен конфликт или со војна. Исто така, се цели на придонес кон одговорот и на други прашања што го оформуваат мозаикот на судирот, како, на пример, за тоа кои страни учествуваа во судирот, дали беше тоа агресија однадвор, дали станува збор за меѓуетнички судир, дали беше потребно да се прогласи воена состојба, какво беше местото, улогата и влијанието на меѓународната зедница, дали судирот беше предизвикан од заканата за повреди на човековите права или пак беше борба за учество во власта, како една од алтернативите на главната цел?*

***Клучни зборови:*** *КРИЗА, ВОЈНА, ВНАТРЕШЕН ВООРУЖЕН КОНФЛИКТ.*

## Мозаик на судирот

Индикатори за одговорот на сите овие прашања ќе се најдат откако ќе се анализира обемен материјал кој го изучува и во тој контекст го дефинира феноменот на конфликтите и на феноменот на војната, како и состојбите, активностите и односите кои про-

[1] „Во хашкото обвинение се зборува за 'воен конфликт', а Солана, зборуваше дека, во 2001 година, во Македонија, имало 'меѓуетнички конфликт'. Владата треба да дефинира каков беше конфликтот во 2001 год., во Македонија, побарал адвокатот Антонио Апостолски, бранител на Јохан Тарчуловски, Дневник, среда, 6 април 2005 год., стр. 1. „Никој од нашите партиски глави не кажал дали војната од 2001 година беше агресија извршена од Косово...И покрај сè, мора еднаш да се седне на „една столица и да се заземе одреден став“. Д-р Љубомир Цуцуловски „Фокус“ Скопје, 20 август 2004. стр. 6–7.

излегуваат од нив. Притоа се појде од дефинирањето на војната во меѓународното јавно право според кое „војната претставува вооружен судир меѓу две или повеќе држави, или меѓу држави и меѓународната организација (принудната акција на Обединетите нации за зачувување или обезбедување на мирот и безбедноста во светот)“[2]. Евидентно е тоа дека, во 2001 година, на просторот на Република Македонија, имаше вооружено насилство и вооружен судир. Но за да прерасне во војна, потребно е, како што тоа е нагласено во меѓународното јавно право, да се диференцираат страните во судирот, и тоа, во најмала рака, да се две држави или барем две легитимно признати вооружени страни. Во случајот со Република Македонија, од една страна имаме држава – безбедносните сили на Република Македонија, но другата страна апсолутно не можеме да ја определиме како држава бидејќи, во почетокот, ја претставуваа група на вооружени Албанци од Косово кои ќе се инфилтрираат на просторот на Република Македонија, во селото Танушевци и во некои други села на северната граница, со цел да запоседнат делови од територијата на Република Македонија и истите да ги стават во функција на своите иредентистички[3] и сепаратистички интереси.[4] Евидентно беше дека станува збор за организирани вооружени групи на „косовските Албанци кои ја загрозуваат независноста на Македонија... албанските герилци ја напаѓаат Македонија од косовска територија“,[5] истакнува канадскиот новинар Скот Тејлор кој директно известувал од конфликтот во Македонија.

Во тој период, а и денес, Косово сè уште претставува протекторат – под цивилна администрација на Обединетите нации, што значи дека апсолутно не станува збор за држава, како страна во конфликтот, од која се инфилтрираат косовските Албанци како што вели Скот Тејлор и започнуваат со вооружените спротивста-

---

[2] Фрчковски, Љ., Тупурковски, В., Ортаковски, В., Меѓународно јавно право, Скопје, 1955 год., стр.3 24.

[3] Настојување на албанските терористи за присоединување на делови од територијата на Република Македонија кон т.н. „голема Албанија“.

[4] Под сепаратистички интереси се подразбира обид за отцепување на делови од територијата. Во случајот со Р. Македонија, отцепувањето би се однесувало на северозападниот дел од Репбликата, каде доминира албанското население.

[5] Види повеќе во: Странците прогнозираат, под наслов, Канадски весници најавија нова рунда војување во Македонија, „Дневник“ 27февруари 2002 година.

вувања на државата-Република Македонија. За да биде сосема јасно, едната страна во судирот ја чинат безбедносните сили (војската и полицијата) на државата- Република Македонија, а другата страна ја чинат организирани вооружени групи на албанските екстремисти инфилтрирани од Косово кои остваруваат спрега со свои истомисленици од албанското население во Република Македонија, обединети и преставувани како членови на т.н ОНА (ослободителна национална армија), „организација чие раководство е во Косово а има кампови за обука и во Албанија“.[6] Некои од авторите[7] кои ја анализираат кризата во Косово и во Македонија во 2001 година, ОНА ја изедначуваат со ОВК (Ослободителната војска на Косово). Всушност, ОВК официјално е распуштена во септември 1999 година, кога, под патронат на Обидените нации, ќе се трансформира во КЗК ( Косовски заштитен корпус). Неколку стотици припадници на активниот дел и на резервниот состав ќе се префрлат во Македонија и, фактички, ќе го прошират конфликтот од Косово во Македонија. Оттука може да произлезе идентификацијата на ОВК-КЗК со ОНА, но овој пат т.н. ОНА е дополнета со поддршката и со учеството на албанските екстремисти од Македонија. Но, како и да е, и во едниот и во другиот случај, немаме организација претставник на држава, најмалку пак тоа би се однесувало на т.н. ОНА која, во почетокот на конфликтот, се закануваше со заземање на делови од територијата на Македонија и со нивно ставање во функција на стремежот за создавање на „голема Албанија“.[8] Ако т.н. ОНА се декларира како ослободителна, тогаш се поставува прашањето кого

---

[6] Види повеќе во: Ортаковски, В., Ширење на конфликтот од Косово и уставните промени во Р. Македонија во 2001 година, Годишник на Факултетот за безбедност, Скопје, 2002, стр. 9.

[7] Види повеќе во: Анализата на поранешниот канадски амбасадор во Југославија Џејмс Бисет, насловена како „Создадовме чудовиште што сега ја уништува Македонија,“ „ Дневник“, 6 август 2001 година.

[8] „Голема Албанија“ спаѓа во редот на големодржавните проекти за создавање на големи балкански држави, и тоа онака како што ја определиле албанските преродбеници од 19 век – обединување на сите албански етнички простори во една единствена албанска држава која подразбира, покрај територијата на независната албанска држава, и делови од територијата на: Република Македонија, Грција, Црна Гора и Србија. Види повеќе во публикацијата на МАНУ: „Обраќање на Македонската академија на науките и уметностите по повод ’Платформата за решавање на албанското национално прашање‘ на Академијата на науките на Албанија“, Скопје, МАНУ, Мај 1999 година, стр. 9–21.

треба да го ослободи таа? Бидејќи конфликтот е во Македонија, тоа подразбира дека се однесува на Албанците во Македонија, што значи дека е нивен претставник или во најмала рака и нивен претставник. Ако е нивен претставник тогаш немаме страна преставник на држава, бидејќи Албанците во Македонија се малцинство.

Доколку од сето ова може да се утврди дека вооружен судир има, но дека не можеме да го дефинираме како војна, тогаш се поставува прашањето за каков тоа вооружен судир станува збор во Република Македонија, во 2001 година.

## Типови вооружени конфликти

Лондонскиот институт за стратегиски истражувања, The Military Balance, вооружените конфликти, според типот, ги дели на: „Меѓународни вооружени погранични и територијални конфликти, внатрешни вооружени конфликти и тероризам".[9]

Во случајот со Република Македонија, најнапред имаме појава на тероризам,[10] кој „вклучува една или повеќе организации во вооружено спротивставување на државата,"[11] па потоа тероризмот прераснува во внатрешен вооружен конфликт кој се одвива помеѓу безбедносните сили на Републиката и организирани групи на ОНА кои ќе успеат да воспостават контрола на дел од суверената територија на Република Македонија.

Ескалацијата на внатрешниот вооружен конфликт може да доведе до војна или до меѓународен вооружен конфликт кој ги „вклучува владите во вооружени конфликти за суверенитет и за територија",[12] но такво нешто, во случајот со Република Македонија, немаме. Номинацијата на војна подразбира вооружен судир, пред сè на вооружените сили на државите, а внатрешниот вооружен конфликт, конфликт помеѓу организирани групи, кои не можеме да ги идентификуваме како вооружени сили претставник на некоја држава и на безбедносните сили (војска и полиција) на др-

---

[9] The 1999 Chart of Armed Conflikt, The Military Balance 1999-2000, London,1999: The IISS

[10] „Терористите не треба да останат во Македонија и не треба да продолжат со насилство", изјава на шведската министрка за надворешни работи Ана Линд, во мај 2001 година, „Дневник", четврток, 17 мај 2001, стр. 2.

[11] The Military Balance 1999-2000, London, 1999: The IISS.

[12] Исто

жавата. Со ова уште еднаш е направена и потврдена дистинкцијата помеѓу војната и внатрешниот вооружен конфликт, како во случајот со меѓународното јавно право, а во врска со страните во судирот. „Разлики помеѓу внатрешниот вооружен конфликт и војната можат да се најдат и по други основи како на пример, во однос на активностите, во однос на жртвите, борбените средства кои се користат во конфликтот и друго. Во однос на активностите, на пример **операциите,** тие подразбираат „вкупност на борбените дејствија од стратегиско-оперативно значење, на поголем простор и во различно време, но обединети со единствен план и цел, а ги изведуваат виши тактички единици (дивизии и корпуси), но исто така и поголеми состави,“[13] својствени само за вооружената сила како државна институција par excellence. За т.н. ОНА која се претставува како „армија“ (национална и ослободителна) поранешниот канадски амбасадор во Југославија Џејмс Бисет ќе каже: „По јужна Србија, ОВК се префрли во Македонија каде ја спроведуваше истата тактика од Косово: убиства, напади од заседа и застрашување на локалното население“,[14] што е карактеристично за пониски облици на вооружено спротивставување на државата, различно од борбените дејствија на армијата, како посебна државна институција. Исто така, и во однос на борбените средства и на борбените системи, може да се направи јасна дистинкција. Имено, само во армијата, како државна институција се среќаваат офанзивните борбени средства и системи, како што се борбените авиони, борбените хеликоптери, тенковите, тешката атрилерија и посебно нуклеарните проектили. Терористичките организации и организираните групи располагаат претежно со лесно оружје како автоматските пушки, снајперските пушки, пушкомитралезите, но и со митралези, минофрлачи, противтенковски и противпешадиски мини, противтенковски ракети, противавионски рачни ракетни системи и со други борбени средства и системи кои овозможуваат релативно полесно маневрирење по просторот, но и ограничена борбена моќ.

Јасна дистинкција помеѓу војната и внатрешните вооружени конфликти може да се направи, како што веќе нагласивме, и во однос на жртвите. Имено, ако се појде од дефиницијата дека „секој

---

[13] Види повеќе во: *Vojna enciklopedija*, drugo izdanje br. 6, VIZ, Beograd, 1973. str. 389-393.

[14] Џејмс Бисет, цитирана анализа.

конфликт кој во текот на годината има повеќе од 1000 мртви, се нарекува војна“,[15] тогаш, согласно со сознанието дека ни приближно не е достигната таа бројка, можеме да констатираме дека конфликтот во 2001 во Македонија не можеме да го наречеме војна, а тоа значи дека сме сè поблиску до некој друг вооружен конфликт, различен од војна. Всушност со ова се додава уште еден дел во целината во која се издвојуваат разликите на вооружените конфликти, но тие, сепак, се делови од големото семејство на вооружени конфликти што значи дека имаат и сврзно ткиво кое ги обединува. Тоа често може да предизвика превид во нивното дефинирање. Таква дилема се јавува кај некои автори и во врска со конфликтот во Македонија во кој, на пример, имаше прелевање преку границата со Косово, но тоа не значи дека може да се смета за меѓународен вооружен конфликт, туку останува да биде внатрешен вооружен конфликт.

Операционализацијата на поимите војна и конфликт е солидна основа да се разјаснат и другите прашања кои се поставуваат во врска со конфликтот во Република Македонија, во 2001 година. Така, на пример, прашањето за прогласување воена состојба. Соодветно на определбата за судирот од 2001 година, во Република Македонија, дека е внатрешен вооружен конфликт, не би требало да има дилема околу ова прашање, едноставно, поради фактот дека сме се определиле за феномен кој не предвидува прогласување воена состојба. Инаку, според членот 124 од Уставот на Република Македонија, воена состојба настапува кога претстои непосредна воена опасност од напад врз Републиката или кога Републиката е нападната или ѝ е објавена војна“[16]. Во случајот со Република Македонија немаме состојба кога е утврдена непосредна воена опасност од напад врз Републиката, која подразбира, пред сè, закана од вооружените сили на некоја од соседните или пак на државите од подалечното опкружување на Републиката. Опасноста ја откриваат разузнавачките и на други известителни служби и за тоа навремено ги известуваат надлежните институции, а Собранието[17] на Републиката ја утврдува. Во

---

[15] Мишел Рокар, Дваесеттиот век ги држи рекордите на ужасот, преземено од Paris Match, „Нова Македонија“ 22-23 мај, 1999 година.

[16] Устав на Република Македонија, НИП „Студентски збор“ Скопје, 2002, стр. 49.

[17] Закон за одбрана, Службен весник на Република Македонија бр. 42, 2001, 3128 и 3129.

однос на вториот услов, може да настане забуна бидејќи инфилтрацијата на членови од ОВК на просторот на Републиката ја изедначуваат со напад на Републиката, но е евидентно е дека го пренебрегнуваат фактот дека станува збор за терористичка организација која не може да се идентификува со армија, како државна институција. Ова дотолку повеќе бидејќи Косово е, како што веќе констатиравме, протекторат, односно под цивилна администрација на Обединетите нации.

И во врска со третиот услов, се издвојува сознанието дека тој е најмалку дискутабилен бидејќи, на Република Македонија не ѝ беше објавена војна. Необјавувањето војна оди во прилог на потврдата дека станува збор за друга состојба, различна од војната. Во случајот со Републиката, се оформува сознанието дека станува збор за внатрешен вооружен конфликт.

## Статус на вооружените конфликти

Вооружените конфликти може да имаат статус, односно состојба на: активни; примирје (прекин на огин); мировен договор.

Активните вооружени конфликти ги опфаќаат сите моментални, односно тековни конфликти кои се остваруваат со различен интензитет. Интензитетот може да варира, и тоа од борба со низок или со среден интензитет во која може да има прекини до борба со висок интензитет која подразбира постојана активност.[18] Како и да е, во секој од овие случаи, како последица се јавуваат загуби во човечки животи и на материјални добра. И не само тоа, доколку интензитетот се зголемува, внатрешниот вооружен конфликт може да прерасне во војна, а со самото тоа да дојде до енормно зголемување на споменатите загуби. Покрај тоа, новата состојба може да ја загрози безбедноста на соседните и на другите земји во регионот, што отвора проблеми и за меѓународната заедница.

Во случајот со Република Македонија, меѓународната заедница уште со појавата на непријателствата, покажа значаен интерес и влијание, и тоа со почетно карактеризирање на инфилтрираните вооружени групи од Косово во Македонија, како терорис-

[18] The 2004 Chart of Armed Conflict, The Military Balance 2004-2005, London, 2004: The IISS.

тички групи,[19] а на нивната активност, како вооружено спротивставување на државата. Почетокот на непријателствата е мошне значајна фаза во конфликтот кога владата треба енергично, брзо и ефикасно да дејствува против терористичките организации. Доколку тоа не се случи, конфликтот може да ескалира достигнувајќи повисоки форми на вооружен судир. Така, всушност, настана и внатрешениот вооружен конфликт, во Република Македонија. Во оваа фаза на конфликтот за меѓународната заедница, терористичките организации, сега веќе окрупнети и зголемени со мобилизираното албанско население од Македонија, се преобразуваат во бунтовници на кои им се загрозени човековите права и слободи. Тоа дополнително ја усложнува и онака сложената ситуација што оди во прилог на терористите и на бунтовниците. Тие ќе успеат да ги интензификуваат насилните активности и да ја прошират заземената територија зафаќајќи го кумановско-липковскиот регион, тетовскиот регион, како и Арачиново, со што ќе направат обид за директна закана на главниот град на Република Македонија – градот Скопје.[20]

## Влијанието на меѓународната заедница

Свесни за последиците од натамошната ескалација на конфликтот, меѓународната заедница и, пред сè САД и ЕУ, ќе направат обид за негова преобразба во нова состојба, различна од претходната. Всушност, меѓународната заедница (ЕУ и САД) ќе се експонира како медијатор, но со нагласена улога и влијание. До овој пресврт и до „нов став“ доаѓа во моментот кога меѓународната заедница ќе утврди дека Република Македонија не е способна самата да се справи и да го спречи тероризмот на својата терито-

---

[19] „Во минатиот понеделник, во Скопје, јасно и со силни зборови реков дека тоа се криминалци, убиваат луѓе што ѝ служат на својата земја, не заслужуваат поддршка, а оние што ги поддржуваат требе да престанат да го прават тоа“, изјава на генералниот секретар на НАТО Џорџ Робертсон, во Брисел, мај 2001 година. Види поопширно во: Воениот одговор против тероризмот мора да има закон, ред и воздржаност, „Дневник“, 17 мај 2001.

[20] Според некои непотврдени, но и недемантирани извори, „Г'зим Острени-генерал Пљак, му вели на Назим Буши дека за секоја ситуација треба да има добра одлука и дека, ако може да ги убие припадниците на македонските безбедносни сили, да ја земе артилеријата, да ја насочи кон Скопје и да го изгори“. Разузнавачки документи за настаните во Љуботен 2001. „Фокус“, Број 511, април 2005, стр. 11.

рија. Очигледно, тоа бил проблем на Република Македонија и нејзиниот на одбранбен капацитет, како што ќе изјави германскиот министер Рудолф Шарпинг, на 24 април 2001 година.[21] Тоа, всушност, ќе проектира поволни, но и неповолни конотации за конфликтот, па и пошироко, во заедницата. Неповолностите произлегуваат од поддршката и од помошта која ќе ја добијат албанските „бунтовници", од меѓународната заедница и, посебно, од НАТО, во низа моменти значајни за конфликтот, кога тие ќе се најдат во мошне тешка состојба како, на пример, со случувањата во тетовскит регион и, посебно, во случајот со Арачиново.[22] Во услови кога државата се предупредува да не употребува прекумерна сила, кога се ограничува користењето на борбените средства и на борбените системи на вооружените сили, тогаш повеќе од јасно е дека се компензира или, едноставно, ѝ се помага на другата страна. Ваквиот однос на меѓународната заедница ќе ги поттикне албанските терористи и бунтовници да се почувствуваат како победници и да истраат во своите барања кои ќе ги усогласот со определбите и со ставовите, по ова прашање, на меѓународниот фактор. Инаку, историјата не познава пример, или тоа се многу ретки примери, на конфликт, па и на војна, во која „бунтовниците", а посебно терористите, ја победиле постојната вооружена сила потпирајќи се исклучително на своите сили и средства. Дури и во револуциите како, на пример, Октомвриската револуција, за револуционерите есенцијално било прашањето за неутрализирањето па и за придобивањето на што е можно повеќе припадници на царската војска, на своја страна. Во случајот со Република Македонија, војската како државна институција е под контрола на Владата која пак, речиси без исклучок, ја почитува и ја извршува волјата на меѓународната заедница.[23] Во такви услови, победникот во

---

[21] Пренесено во дневните медиуми на Република Македонија, на 25 април 2001 година.

[22] „Минатиот месец, кога македонските сили ги опкружија екстермистите во Арачиново, НАТО веднаш интервенираше за да се ослободат припадниците на ОВК", истакнува Џемјс Бисет, поранешен амбасадор во Југославија, цитирајќи ги германските медијуми дека тоа беше сторено бидејќи, во составот на ОВК во Македонија, се наоѓале 17 Американци кои им помагале во борбите против македонските безбедносни сили. „Дневник", 6 август 2001 година.

[23] „Вие дозволивте, евробирократи и НАТО-структури кои активно го помагаа УЧК на Косово, да ви ја креираат одбраната. Дозволивте да ви забранат да се браните, да ви кажат колку да се браните." Ханс Лотар Штепан, интервју за „ Фокус", број 512, 22 април 2005, стр. 20.

конфликтот го диктира, го наметнува, меѓународната заедница и посебно САД кои, во повеќе наврати, ќе се изјаснат дека победници во конфликтот, нема. Поинаку, директорот на „Европскиот етнобарометер" и коавтор на извештајот „Кризата во Македонија", презентиран во Брисел, Александро Силји, констатира дека, во конфликтот, двете страни се добитници. Албанците затоа што благодарение на меѓународната заедница, ги добија правата што ги бараа, а Македонците затоа што, отсега, етничките Албаници повеќе нема да можат да излегуваат со територијални барања".[24] Навистина, и во едниот и во другиот случај се настапува мошне внимателно и повеќе дипломатски. Едноставно да не можеш да се определиш кој е потактичен, дали меѓународната заедница и САД кои тврдат дека нема победник, притоа подразбирајќи дека тука се опфатени и последиците од конфликтот, но кои се ставени во втор план, или пак, вториот случај, во кој се оди дури неколку чекори потаму, тврдејќи дека и двете страни се добитници. Како да не станува збор за вооружен конфликт во кој има убиени и ранети лица, и тоа на двете страни, материјални и други значајни загуби, стагнација во развојот на општеството и остварување на стратегиските цели. Како да нема губитник, или пак тоа се, како што се тврди во вториот случај, „екстремистите". Дури би можело да се помисли дека станува збор за трета страна, со што воопшто не би можеле да се согласиме, бидејќи, едноставно, „страните" не можат да се разделат во посебни страни Албанци „екстремисти" и Албанци кои ќе ги помагаат, ги пополнуваат и ги поддржуваат.

Доколку е неопходно да се определи третата страна и тоа како посебна страна, тогаш тоа недвосмислено е меѓународната заедница и, посебно, САД. Всушност, вистинскиот победник е меѓународната заедница и, посебно, САД кои ќе го смират и ќе го неутрализираат конфликтот, кои ќе експериментираат со конфликтот притоа усовршувајќи ги механизмите за справување со кризи во нови, различни од предходните, ситуации. Од другите страни учесници во вооружениот конфликт, се чини дека повеќе доби страната која го започна конфликтот, во смисла на интензификација на формализацијата на повеќето нивни барања. За Република Македонија, главна придобивка е зачувувањето и приз-

---

[24] „Дневник", 4 март 2002, стр. 2.

навањето на суверенитетот, на територијалниот интегритет и на унитарниот карактер на државата, како и создавањето конечни, внатрешни услови за мир и за стабилност.

**Трансформација на конфликтот**

Охридскиот договор е чин да се трансформира конфликтот во мир што претставува позитивна конотација на односот и на влијанието на меѓународната заедница и, посебно, на САД во настаните во Република Македонија, во 2001 година. Евидентно е дека во Договорот се предвидува динамиката на остварување на одредени права и слободи на албанската заедница во Република Македонија кои не биле остварувани или застапувани во таков обем каков што го замислувала или го посакувала албанската страна, но и обврските на сите граѓани во Републиката, без исклучок; едновремено, тоа треба да се однесува и на албанската страна, имено, да се почитуваат унитарниот карактер на државата, нејзината целосна сувереност, правниот поредок, законите, итн.

Денес се поставува прашањето: дали сето ова можеше да се реализира без да настане конфликтна состојба и без да избие внатрешен вооружен конфликт во Република Македонија? Ако одговориме со не, тогаш се прави преседан кој би требало да важи за сите слични или идентични случаи каде и да се појават во светот. Ако одговориме со да, тогаш ја исклучуваме можноста и други терористички организации или организирани групи, со насилство, да направат обид да ги реализираат своите сепаратистички и иредентистички цели, во името на правата и слободите. Најверојатно е дека меѓународната заедница и, посебно, САД, тоа прашање го имаат апсолвирано и поради тоа дозволија да се експонираат правата и слободите, но не и сепаратистичките и иредентистичките интереси на албанските терористи и бунтовници. Со тоа и со нагласувањето дека „суверенитетот и територијалниот интегритет и унитерниот карактер на државата се неповредливи и мора да се зачуваат“,[25] во значајна мера се задоволени интересите на двете страни во внатрешниот вооружен конфликт, во Република Македонија.

---

[25] Рамковен договор, „Време“, 13 август, 2004

Усвоен е официјален документ (ОРД) за конфликтот, на 13. 08. 2001 година, потпишан од: претседателот на Република Македонија, потоа од претседателот на ДПА, претседателот на ПДП, претседателот на ВМРО-ДПМНЕ, претседателот на СДСМ, како и од медијаторите – претставниците на ЕУ и на САД. Несомнено ова е голем успех на меѓународната заедница и, посебно, на САД чија оценка беше дека „спречиле избивање на граѓанска војна“.[26]

## Примирје или мировен договор

Како последица на вооружен судир, настануваат проблеми за чие решавање е предвидено примирје (прекин на огнот). Тоа е договор помеѓу лидерите на преговарачките страни, но без постојана резолуција за конфликтот. Мала забуна може да настане доколку одговорот се бара во меѓународното јавно право каде стои дека: примирјето може да биде општо и секторско и тоа подразбира спогодба на завојуваните страни, се мисли на страните кои се во војна, т.е. општото примирје доведува до прекин на операциите, на сите фронтови на војувачките страни, а секторското примирје врши прекин на дејствата на одреден сектор од фронтот“.[27]

Лондонскиот институт за стратегиски истражувања, мировниот договор го дефинира како „формално решение на конфликтот, ратификувано од познати лидери на преговарачките страни“[28], што е случај со Рамковниот договор. Ова значи дека има официјално разрешување на конфликтот, но и дека примирјето е различно од мировниот договор, по тоа што произлегува дека е без постојана резолуција за конфликтот. Друго е прашањето што Рамковниот договор предвидува прекин на непријателствата и воспоставување општ, безусловен и неограничен прекин на огнот. Всушност, станува збор за одредба која е партиципирана во мировниот договор. Тоа ни дава за право да констатираме дека станува збор за спогодба која е нешто повеќе од прекин на огнот, т.е. дека е меѓународно признат политички акт. Иако доаѓа до несовпаѓање на некои определби кои се карактеристични како за при-

---

[27] Меѓународно јавно право, оп. цит. стр. 349-350.

[28] The 1999 Chart of Armed Conflict, The Military Balance 1999-2000, London, 1999, The IISS.

мирјето така и за мировниот договор, особено кога се анализираат повеќе автори и различни извори, сепак, тоа не треба да ја замагли дистинкцијата која ги прави да бидат посебни, да се разликуваат. За случајот на крајот на кризата во Република Македонија, станува збор на еклатантен пример на мировен договор. Овој договор предвидува и прекин на непријателствата што е карактеристично за вообичаената терминологија на третата фаза на конфликтот. Искуствено, тоа не значи дека конфликтот во целосно запрел. За ваквиот тип на конфликти постои и фаза на оспорување или на замрзнување и финалната и последна, фаза на решение. За Република Македонија, имплементацијата на Рамковниот договор се чини е решение прифатливо за двете страни. Особено што зад него стојат него стојат меѓународната зедница и, посебно, САД кои остваруваат респектабилно влијание врз двете страни во конфликтот.

**Заклучни согледувања**

1. Судирот во Република Македонија, во 2001 година, е еклатантен пример на внатрешен вооружен конфликт, различен од војна или од меѓународен вооружен пограничен и територијален конфликт, и тоа, пред сѐ, по начинот на остварувањето на активностите, по силите, жртвите, квалитетот и квнатитетот на вооружувањето.
2. Републиката, за прв пат во својата историја, ќе се најде во состојба да граничи со територија која е под цивилна администрација на Обединетите нации. Тоа ќе отвори многу дилеми во услови на прелевање на кризата од Косово во Македонија, и тоа првенствено дали да се прогласи воена состојба. Се оформи сознанието дека не се стекнати услови за прогласување воена состојба, што е карактеристично за војната како вооружен конфликт.
3. Конфликтот започнува со типично терористички активности на т.н. ОНА-терористичка организација која ќе се инфилтрира, од Косово, на територијата на Македонија и ќе успее да го мобилизира албанско домицилно население и истото да го стави во функција на своите цели. Се покажа дека, во услови кога ситуацијата не дозволуваше остварување на генералната цел голема Албанија, за кратко време истата се трансформира во други цели, се до крајната – учество во власта.

4. Во однос на статусот, се оформи сознанието дека, внатрешниот вооружен конфликт во Република Македонија ги помина сите инстанции и тоа како активен конфликт со низок и со среден интензитет, со примирје, односно со договор за прекин на огнот кој не е почитуван од страна на албанските екстремисти и, на крајот, мировен договор, со официјална резолуција за конфликтот, признатата од лидерите на водечките политички партии: СДСМ, ВМРО-ДПМНЕ, ПДП и ДПА, од претставници на ЕУ и САД и од претседателот на Република Македонија. Се покажа дека, и покрај потпишувањето на Договорот, имаше извесни нарушувања, тоа ќе каже дека конфликтот сè уште не завршил а со самото тоа, и кризата во Република Македонија.

5. Уште еднаш се покажа дека меѓународната заедница и САД можат определувачки да влијаат врз кризата во целост. Се покажа дека тоа влијание повеќе го искористи страната која, со насилство, го започна конфликтот. Направен е успешен обид од страна на меѓународната заедница и на САД да се смири конфликтот во Република Македонија. Како значајно се наметнува сознанието дека и решението на кризата е во рацете на меѓународната заедница и, посебно, на САД, а тоа е во овозможувањето на Републиката да се интегрира во евроатлантските економски, политички и безбедносни структури.

6. Како значајно се наметнува сознанието дека, хомогеноста, располагањето со маса која зафаќа 22,9 % од населението и концентрација на простори кои граничат со Албанија како самостојна држава и од Косово – протекторат претежно населен со Албанци, преставува фактор со мошне неповолно влијание врз одбраната и безбедноста на Републиката во услови на криза. Исто така, се покажа дека и порозноста на границата кон Албанија и посебно кон Косово, во услови на конфронтација мошне неповолно влијае врз одбраната и врз безбеноста на Републиката.

7. Во однос на безбедноста на Републиката, се оформува сознанието дека е неопходно усовршување на одбранбено-безбедносниот систем, во смисла на негово навремено интервенирање и спречување на појава и на ескалирање на вооружени конфликти. Се покажа дека е потребно формирање на единствен орган или тело кое ќе раководи и ќе командува со силите во услови на криза. Исто така се покажа дека е потребно зголемување на средствата за одбрана и, воопшто, за безбедносните потреби. Се

чини дека е потребно и изнаоѓање на патишта и методи за инкорпорирање на Албанците во македонското општество, како граѓани кои ќе почувствуваат дека се рамноправни со сите други граѓани, но и нивно однесување согласно со уставното устројство на земјата во која живеат – Република Македонија.

(Рецензент: *йроф. д-р Димийар Мирчев*)

Siniša DASKALOVSKI

## MACEDONIA'S CRISES 2001: INTERNAL ARMED CONFLICT OR WAR?

### Summary

***The phenomenon of Macedonia a crises in 2001 has revealed lots of questions, and for some of them the answers are still missing.***

*In this paper an attempt is made at explanation of the crucial question: Was Republic of Macedonia in 2001 faced by internal armed conflict or war? Also there is an attempt at helping to answer other related questions like: which sides were included in the conflict, was it aggression from outside, was it ethnical conflict, or perhaps a need of acknowledging a condition of war? What was the position, the chare and the influence of the international community, has the conflict began because of the threath of breaking the human rights, or was it a fight for getting a part of the government, as one of the alternatives of the main cause?*

***Keywords:*** *CRISES, WAR, INTERNAL ARMED SONFLICT.*